Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
Совет на јавните обвинители на
Република Северна Македонија
Këshilli i Prokurorëve Publik i
Republikës së Maqedonisë së Veriut
Бр.-Nr. 04-114/10
09.10 2020 год.-viti
Скопје-Shkup

Врз основа на член 52 став (1) од Законот за административни службеници (Сл. весник на РМ бр. 27/14), Генералниот секретар на Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија (СЈОРМ) на ден 09.10.2020 година донесе

# ОДЛУКА

**За избор на прворангираните кандидати по распишаниот Интерен оглас бр.01/2020 за унапредување на двајца административни службеници во СЈОРМ**

01. За унапредување на работното место УПР0101Г01002, ниво Г1 Самостоен референт-архивар, Одделение за административно правни и општи работи 1 извршител (1), на Интерниот оглас бр.01/2020, се избира прворангираниот кандидат Ајше Сељими.

02. За унапредување на работното место Помлад соработник за координација на активностите и протоколарните работи на претседателот на Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија, со шифра УПР 01 01 В04 000, ниво В4, Одделение за административно правни и општи работи -1 извршител (1), на Интерниот оглас бр.01/2020, се избира прворангираниот кандидат Тања Лазарова.

03. Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

## Образложение

По Интерниот оглас бр.01/2020 објавен на ден 30.09.2020 година на веб страниците на Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија и Агенцијата за администрација, за унапредување на двајца административни службеници на работните места: УПР0101Г01002, ниво Г1 Самостоен референт-архивар, Одделение за административно правни и општи работи и Помлад соработник за координација на активностите и протоколарните работи на претседателот на Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија, со шифра УПР 01 01 В04 000, ниво В4, Одделение за административно правни и општи работи, Комисијата за

селекција за унапредување формирана со Решение бр.04-114/6 од 06.10.2020 година, изврши административна селекција на пријавените кандидати.

Согласно чл.51 став (5) од Законот за административни службеници, Комисијата спроведе интервју со предложените кандидати пријавени на Огласот, кои ги исполнуваат условите од огласот пропишани со Законот за административни службеници и Правилникот за систематизација на работните места во СЈОРМ бр.04-218/3 од 23.11.2016 година, за што Комисијата достави соодветен Записник-Извештај од спроведеното интервју. Врз основа на освоените бодови од административната селекција и интервјуто, Комисијата изготви Финална ранг листа на интервјуирани кандидати, врз основа на што на Генералниот секретар како одговорно лице кое раководи со Стручната служба на СЈОРМ му достави Предлог-одлука за избор на прворангираните кандидати на Огласот за двете работни места.

Врз основа на Финалната ранг-листа и доставениот Предлог за избор на прворангираниот кандидат поединечно за двете работни места од Комисијата, Генералниот секретар на СЈОРМ донесе одлука за избор на кандидатите како во диспозитивот на оваа Одлука.

По конечноста на оваа Одлука, ќе се донесат Решенија за унапредување на административните службеници.

ПРАВНА ПОУКА: Против оваа одлука незадоволниот кандидат има право на жалба до Агенцијата за администрација во рок од 8 дена од денот на објавување на Одлуката на веб страницата на Совет на јавните обвинители на Република Северна Македонија.

ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА СЈОРМ,

Аспарух Мисајловски

д-но до:

-Агенција за администрација

- Одделение за административно правни и општи работи на СЈОРМ (персонално досие и за објава на веб страна на СЈОРМ)

-архива

-пријавени кандидати

-сметководство